РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 08 - 2687/4
08-01-2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 17 став 1 точка 12, член 22, член 23 став 1 и член 92 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40, член 41 и член 56 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 45-тата седница одржана на ден 30.12.2020 година донесе

***Одлука***

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на --------------, ----------------------------- на Република Северна Македонија СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-1676/1 од 18.03.2019 година.

Предметот со број 08-1676/1 од 18.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-1676/1 од 18.03.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, а по добиени информации од медиуми за зголемување на имотната состојба на ------------------, ------------------ на Република Северна Македонија.

ДКСК, од Министерството за внатрешни работи побара податоци за ------------------- и членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

Од страна на МВР беа доставени бараните податоци.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК прибави податоци за имотот на ------------------ и членовите на неговото семејство и од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија како и од банките и штедилниците во Република Северна Македонија.

ДКСК исто така, со допис број 08-1676/50 од 04.12.2019 година, побара од Управата за финансиска полиција, во рамките на своите законски надлежности да изврши проверка на лицето -------------------- и членовите на неговото семејство.

Управата за финансиска полиција со допис број 11-54/5 (50) од 27.08.2020 година, ја извести ДКСК дека од страна на Управата, за лицето ----------------, неговата сопруга ------------------- и неговиот син ----------------- обезбедени се податоци од релевантни институции заради утврдување на фактичката состојба, при што од извршените проверки и анализа на обезбедената документација е утврдено е дека

семејството ------------ во период од 2016-2017 година има извршено уплати преку трансакциски сметки за купување на два стана од легални приходи и за истите не се утврдени основи за остварени нелегални приходи и основи на сомнение за сторено кривично дело кое се гони по службена должност.

ДКСК, по разгледување на прибавените податоци од наведените институции како и по разгледување на известувањето од Управата за финансиска полиција, констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Изготвил: м-р Борче Стојановски, виш соработник
Одобрил: Катица Николовска